РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1462/1
06-04-2021 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 47-та седница одржана на 31.03.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-4065/1 од 29.08.2019 година, оформен по пријава доставена од непознат подносител (анонимна пријава).

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4065/1 од 29.08.2019 година.

Предметот број 12-4065/1 од 29.08.2019 и со број 12-4351/1 од 17.09.2019 година да се затворат и да се архивираат.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4065/1 од 29.08.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава). Овој предмет е споен со друг предмет со број 12-4351/1 од 17.09.2019 година, оформен по друга пријава со исти наводи.

Во пријавите се укажува на наводи за сомневање за можен судир на интереси во случајот со доставениот предлог од --------------------- до Собранието на Република Северна Македонија за именување на лицето ------------- за ---------------------------- по трет пат односно по четврти пат за член на Советот на Народната банка на Р.Северна Македонија, врз основа на членот 49 став 1 од Законот на -------------------- ("Службен весник на РМ "бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18).

Во текот на своето постапување во конкретниот предмет, а по разгледување на позитивната законска регулатива од оваа област, ДКСК воочи нејаснотии и дилеми во толкувањето и примената на членот 49 став (1) од споменатиот Закон, во конкретниот случај, кој гласи: "(1) Членовите на Советот се именуваат за период од седум години со право на повторен избор", во делот "со право на повторен избор".

Со цел надминување на констатираните недоречености и дилеми во однос на примената на споменатиот член од Законот во конкретниот случај, ДКСК заклучи дека неопходно е да се побара автентичното толкување од надлежната институција - Собранието на Р.Северна Македонија, што би овозможило разјаснување на недореченоста/ дилемата која се однесува на тоа дали исто лице кое било именувано за ------------------------------------ два мандати едноподруго или вкупно 14 години, може по истекот на вториот мандат на функцијата на која било именувано да биде именувано уште еден мандат, трет мандат, како што е во конкретниот случај.

Оттаму, имајќи ја во предвид нејасната содржина на одредбата од членот 49 став (1) од Законот на --------------------------------------- ("Службен весник на РМ "бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), ДКСК до Министерството за финансии како министерство во чија надлежност е изготвување на Законот за -------------

-------------, преку Владата на Р.Северна Македонија поднесе Барање за автентично толкување на членот 49 став (1) од Законот за Народната банка на Р.Северна Македонија ("Службен весник на РМ "бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) со број 12-4065/2 од 02.10.2020 година во делот од одредбата кој се однесува на "со право на повторен избор".

Од денот на доставување на Барањето за автентично толкување на споменатиот член од Законот за Народната банка на РСМ до Министерството за финансии како надлежно министерство за изготвување на Законот за --------------------- помина подолг временски период, а ниту од Министерството од финансии ниту од Собранието на Р.Северна Македонија како надлежна институција не е доставен одговор по поднесеното Барање на ДКСК / односно не е дадено дадено автентично толкување на споменатиот член од Законот на Народната Банка на Р.Северна Македонија.

Имајќи го предвид сето горенаведено, како и фактот дека одлучувањето за тоа дали предложениот кандидат за ------------------------------------ ги исполнува законски утврдените критериуми за оваа функција, како и спроведување на постапката на негово именување на ------------------ согласно Законот за ------------------------------- е во исклучива надлежност на Собранието на Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупција заклучи дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го гореспоменатото, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: м-р Ш.С, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**